# 88. ДЕВЕТ ГОДИНИ ЈАНА ЛЕЖАЛА

Крај: Тиквеш, Војшанци
Пеел: Јордан Монев
Роден: Војшанци, 1943 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 216/2
Снимена: Неготино, Тиквеш
25 ноември 1958 год.
Мелограф.: Скопје, 21.05.1964.




1. Девет години Јана лежала,
   девет постели скапала,
   мајка ѝ вели, вели говори
   — Кажи си Јано греови.

2. Ништо си, мамо, греови
   немам
   кога си одев за вода,
   падна ми китка од глава;
   мамо,
   падна ми китка од глава;

3. Наведна се лудо, зема ја,
   мамо,
   тогај му ништо не реков,
   мамо,
   тогај му ништо не реков,
   мамо,
   после му трло запалив;

4. После му трло запалав, мамо,
   со триста овци калеши,
   до триста овци калеши, мамо,
   и двеста руди јаганца.

5. Кога трлото тореше, мамо,
   од гора листот капеше,
   кога овците блееја, мамо,
   вишно се небо цепеше.

6. Кога јаганца блееја, мамо,
   сам господ с'зи ронеше,
   кога овчари викаја, мамо,
   на секаде се слушаше.

7. Мајка ѝ вели, вели говори:
   — Девет години как лежиш,
   девет години как лежиш,
   ќерко,
   и уште девет да лежиш,
   и уште девет да лежиш,
   ќерко,
   греови да си испатиш.

Забелешка: Третиот и четвртиот стих во мелострофата се пеат по двапати. Последниот мелостих од шест стиха се пее со повторување на мелодијата од 3 и 4 стих.